Инж. Милосија Колева-Шекутковска
Свети Николе

STIGMATEA MESPILI SORAUER И ВО ШУМСКИТЕ РАСАДНИЦИ

1. УВОД

Паразитот Stigmatea mespili Sor., кој предизвикува црна пегавост на лисјата, во главно е сметан за паразит на земјоделските култури. Штетата, која во последните неколку години ја забележуваме, да е овој паразит прави и во шумските расадници, јасно ни укажува, на нејзината опасност и во шумарството.

Во шумскиот расадник во Свети Николе веќе неколку години по ред се произведуваат садници од Pirus piraster Borkh (дива крушка) и Pirus amygdaliformis Vill. (горница). Садниците од овие два вида се употребуваат за флекасто пошумување, а и во шумските појаси. Резултатот од пошумувањето со овие два вида сосема задоволува. Двата овие вида од родот Pirus добро ја поднесуваат сушата во Овче поле. Во најблиска иднина ќе се отпочне и калемење на дивите видови од родот Pirus, поради што производството на саден материјал уште повеќе ќе се форсира.

Неоспорно е да при ваква положба, се наметнува пообемно производство но само на здрав посадочен материјал.

Паразитот Sticmatea mespili со тоа што ја уништува зелената површина на растенијата, сериозно го попречува производството на квалитетен посадочен материјал.

2. НАЧИН НА ПОЈАВА НА ПАРАЗИТОТ

Паразитот се јавува масовно и неговата присатност веќе оддалеку се забележува. Нападнати биват најпрвин долните лисја, а потоа паразитот бргу се качува сé до врвните ливчи-

ња. Прво се јавуваат ретки црвеникави пеги со големина 0,5-3 мм. Овие бргу поцрнуваат. Бројот на пегите многу бргу се зголемува, така да целата лиска бива препокриена со црни пеги. Овие меѓу себе се спојуваат така да се јавуваат големи некрози по листот. На некротираните делови од листот се јавуваат во голем број црни катранливи купчиња. Паразитот ги опфаќа садниците во групи. Ако се погледне целосно површината, ќе се видат групи од садници сосема оголени, а тамо пак, каде лисјата не се опаднати, се гледаат групи од садници со сосема поцрнети лисја. Садниците и од Pirus piraster и од Pirus amygdaliformis се 100% заразени. На поголемиот дел од садниците, околу 60% лисјата им опаднаа уште во месец август. Лисјата опаѓат многу бргу и тоа целосно, без да останат ниту врвните ливчиња. Се гледаат останати само голи стебленца.

Паразитот е проширен и на теренот т.е. секаде тамо каде е пошумувано со заболени садници. Ова е логична појава, затоа што заразата е пренесена преку болниот материјал од расадникот.

3. БИОЛОГИЈА НА ПАРАЗИТОТ

Паразитот Stigmatea mespili (Sorauer) Entomosporium mespili (Sacc.) спаѓа во родот Stigmatea Fam. Sphaeriaceae Класа A s k o m y c e t e a e.

Во својот развоен циклус овој паразит има 2 стадиума: конидиски (летен) и перитециски (зимен). Примарната зараза ја врши во пролет со аскоспори, кои се развиле во опаднатите лисја преку зимата, ако предходната година имало зараза. Веднаш по примарната зараза на лисјата се развиваат црвеникави пеги. Потоа во средината од пегите, паразитот го пробива епидермисот и на површината се јавуваат црни катранливи купчиња, кои представуваат содржина од многубројни конидии. Овие многу бргу се формираат и разнесуваат на кој начин се шири заразата цело лето.

Летните плодни органи-конидиите се многу интересни со својата форма. Составени се од една, две, три па и повеќе клетки на некои од кои има израстоци во вид на камшик, со кое стануваат уште повпечатливи. (слика бр. 1)

Кога лисјата опаднат габата продолжува да живее, и во вака мртви лисја го довршува својот цилкус. Преку

Сл. 1. Конидии од Stigmatea mespili Sor.

зимата во опаднатите лисја се развиваат плодни органи перитеции, а во нив аскуси со аскоспори, кои се двоклеточни. (слика бр. 2)

Сл. 2. Лисја од Pirus piraster заразени од Stigmatea mespili Sor.

Аскоспорите во пролет вршат примарна зараза на ново истераните ливчиња и на тој начин паразитот живее од година во година.

4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Со оглед на биологијата на паразитот, што овој го завршува својот развоен циклус во опаднатите лисја, добри резултати може да даде собирањето и спалувањето на опаднатите лисја.

Препорачливо е и прашење на културите, веднаш по опаѓањето на сите лисја, но така да паднатите лисја бидат што подлабоко закопани.

На овој начин паразитот ќе биде спречен, да преку зимата го заврши својот развиток, со кое примарната зараза во пролет ќе биде спречена.

Прскањето со фунгициди е еден од најефикасните начини за заштита, каде изведувањето на ова не представува особена тешкотија, ниту пак издаток. Се прска со 0,8-2% бордошка чорба. Се прска 2 пати. Првото прскање се изведува веднаш по завршување на листањето, а второто еден месец после првото.

5. ЗАКЛУЧОК

Неколку години по ред на садниците од Pirus piraster Borkh. и Pirus amygdaliformis Vill, ја забележуваме појавата на паразитот Stigmatea mespili Sor. кој се јавува многу масовно и прави голема штета.

Овој паразит сосема сериозно го спречува производството на здрав посадочен материјал, од овие два вида од родот Pirus. Преку зараженият саден материјал, паразитот е пренесен и на теренот, каде се пошумува. Тука е појавата на Stigmatea mespili исто така масовна.

Прскањето на садниците со бордошка чорба, која е ефикасно средство во борбата против паразитот Stigmatea mespili, би ја спречиле појавата на истиот.

ЛИТЕРАТУРА

1. Boyce J. (1948) Forest pathology — New-york.

2. Јосифовиħ М. (1948) Пољопривредна Фитопатологија — Београд.

3. Јосифовиħ (1952) Шумска фитопатологија — Београд.

4. Sorauer P. (1932) Handbuch der Pflanzenkrankheiten Bd. III.

5. Sorauer P. (1928) Handbuch der Pflanzenkrankheiten Bd. II. Berlin.

STIGMATEA MESPILI SORAUER DANS LA CULTURE DES FORÉTS

RÉSIMÉ

Il y a quelques annéess l'auteur aperçoit dans la culture des forêts le parasite de Stigmatea mespili Sor. sur la sorte Pirus piraster Borkh et Pirus amygdaliformis Vill. Cette apparation a un caractère épidémique et il ne permet pas la production des plants sains. Avec les plants l'épidémie est transportée sur le terain où on boise et il y parait à la même intensitê.

Enfin l'auteur recomande le moyen de la protection contre le parasite.